Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 286/0306
22.12 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.11.2023 година, врз основа на примена жалба од XXX XXXX го донесе следното:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Нова Македонија со текстот пасловен „Неоспорно е веќе дека „северномакедонскиот идентитет„ се турка кон официјалност", не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 20 ноември 2023 година, лицето XXX XXXX поднесе жалба за текст со наслов „Неоспорно е веќе дека „северномакедонскиот идентитет„ се турка кон официјалност“, објавенна20ноември2023 наинтернетпорталотнаНоваМакедонија (www.novamakedonija.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: Говор на омраза и дискриминација.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со ТВ 21 и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не достави одговор за наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и едногласно одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 30 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за аналитичен текст и авторот на текстот нуди свој поглед на перспективата за идентитетот на државата и на македонскиот народ, притоа нудејќи интервју со еден извор, професор по меѓународно право Игор Јанев од Институтот за политички студии во Белград. Во оваа содржина се употребува изразот „заклучуваат соговорниците“ укажувајќи на повеќе извори за истото прашање кои не се посочени во самиот текст. Се укажува на медиумот дека секогаш ќе настојува да го назначи изворот на информациите.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595